**Ревизија Чулева**

Њуделхиска 4/3
1000 Скопје
Македонија

тел + 389 2 3094 014
факс + 389 2 3094 015
office@revizijaculeva.com.mk

Согласно член 35 од Законот за ревизија во Република Македонија ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 158/2010, 135/2011, 50/12, 188/2013, 43/2014 и 138/14), ТП Ревизија Чулева Скопје го објавува следниот:

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

## 1. Опис на правна структура и сопственост

- **Целосен назив на субјектот**
  ТП Ревизија Чулева трговец-поединец за ревизија, проценка и судско вештачење Соња Митко Чулева-Скопје

- **Опис на правната форма**
  Трговец-поединец

- **Место на основање и регистрација, и држава**
  Скопје, Република Македонија

- **Дата на основање според тековна состојба**
  30.10.2006

- **Регистарски број во регистар при Институтот на овластени ревизори на Република Македонија**
  ТП001

- **Број на лиценца за работа за вршење на работи за ревизија издадена од Советот и датумот на издавање**
  ТП Ревизија Чулева поседува Лиценца за работа за вршење на работи на ревизија на овластен ревизор-трговец поединец-Регистарски број на лиценца 05, број 07-448/1 од 25.11.2013 година, издадена од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија

  Соња Чулева поседува Лиценца за работа за вршење на работи на ревизија на овластен ревизор-Регистарски број на лиценца 115, број 07-98/1 од 07.06.2013 година, издадена од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија

- **Број на вработени лица во субјектот, согласно Законот за работни односи, со состојба на 31 декември и со состојба на датум на објавување на Извештајот**
  - Вработени на неопределено полно работно време на 31 декември 2014: 2 (двајца)
  - Вработен на неопределено скратено работно време на 31 декември 2014: / (нема)

  - Вработени на неопределено полно работно време на 31 март 2015: 2 (двајца)
  - Вработен на неопределено скратено работно време на 31 март 2015: / (нема)

- **Опис на сопственичка структура на овластениот ревизор - трговец поединец**
  Сопственост на 1 (едно) физичко лице, овластен ревизор, Соња Чулева, Скопје

- **Приоритетна дејност/главна приходна шифра**
  69.10/4-Други правни работи
  **Дејности во внатрешниот промет**
  69.20-Сметководствени,книговодствени и ревизорски работи; даночно советување
  70.22-Дејности на советување во врска со работењето и останато управување
  73.20-Истражување на пазарот и испитување на јавното мислење
  74.90-Останати, стручни, научни и технички дејности, неспомнати на друго место

- **Годишно осигурување од одговорност согласно Законот за ревизија**
  Минимална сума на покривање по штетен настан: Еур 250.000
  Полиса бр. 13001О020340 од UNIQA АД Скопје
  Период на осигурување: 01.01.2015-01.01.2016

**2. Опис на професионалната мрежа и правните и структурните ангажмани во мрежата каде што припаѓа**

ТП Ревизија Чулева делува како овластен ревизор на територија на Република Македонија и не припаѓа на други професионални мрежи, освен членството во ИОРРМ. ТП Ревизија Чулева е основана и работи со цел давање на услуги на клиенти кои делуваат на пазарот во Република Македонија.

**3. Опис на управувачката структура на субјектот**

Трговец поединец – сопственик, Соња Чулева, Овластен ревизор

**4. Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на субјектот и изјава од овластениот надлежен орган на субјектот за ефективноста на функционирањето системот**

– **Цели и поставеност внатрешниот систем на контрола на квалитет според МСКК1**

Политиката на ТП Ревизија Чулева е да одржува високо ниво на интегритет, професионални стандарди и квалитетна услуга со константно следење на правната и економската легислатива, како и одржување на висок степен на професионално знаење.

Внатрешниот систем на контрола на квалитет на ТП Ревизија Чулева, Скопје е воспоставен во согласност со Меѓународниот стандард за контрола на квалитет бр.1-Контрола на квалитет за фирми кои вршат ревизии и проверки на финансиски извештаи и други ангажмани за уверување и поврзани услуги, Меѓународниот стандард за ревизија 220-Контрола на квалитетот на ревизии на историски финансиски информации, во насока дека Ревизорот и неговиот персонал се придржуваат на професионалните стандарди и регулативните и правните барања и дека извештаите што се издадени од Ревизорот се соодветни во околностите и како и останатата законска регулатива во земјата.

Системот за контрола на квалитет на ТП Ревизија Чулева вклучува документирани политики и процедури за контрола на квалитетот на работењето (*Правилник за етика и контрола на квалитет*,) стриктно дефинирани улоги и одговорности за имплементирање не политиките и процедурите, и надзор врз креирањето и оперативната ефикасност на изградениот систем на контрола на квалитет.

Контролата на квалитетот на ревизорската работа се имплементира како на ниво на ТП Ревизија Чулева, така и на секоја поединечна ревизија. Имено, МСКК 1 ги уредува прашањата кои се однесуваат на контрола на квалитетот на ниво на ревизорска канцеларија, додека МСР 220 се однесува на контролата на квалитет за поединечни ангажмани.

Основните цели на интерната контрола и интерниот контролен систем на квалитет во ТП Ревизија Чулева се направени со цел да се етаблира и оддржи таков систем на контрола на квалитет кој:

Обезбедува фирмата и персоналот да ги почитуваат и да работат со професионалните стандарди и соодветната правна и регулаторна легислатива; извештаите направени во фирмата да бидат соодветни во дадените околности.
Нашиот интерен контролен систем базира на 6 елементи на контрола на квалитет и тоа:

1) Сопственик – одговорен за квалитетот во рамките на фирмата
2) Релевантни етички норми
3) Прифаќање и континуирана соработка со клиенти и специфични ангажмани
4) Човечки ресурси (кои вклучуваат не само избор на вработени туку и внимателен избор на надворешни соработници
5) Извршување на ангажманот
6) Надгледување (мониторинг)

Се обидуваме сите овие наведени елементи да ги инкорпорираме во нашиот интерен контролен систем.

Одредени елементи на нашиот интерен контролен систем се предмет на контрола од страна на ИОРРМ,односно СУНР. Во зависност од нивната контрола и добиените препораки, се трудиме да го подобриме контролниот амбиент во фирмата. Кон ова придонесуваат и задолжителните едукации што ги спроведува ИОРРМ, како и информирањето и едукацијата на вработените.

Врз основа на барањата на Законот за ревизија и Меѓународни Стандарди за Ревизија, ТП Ревизија Чулева доследно се придржува во својата работа кон донесените политики за контрола на квалитетот.

– **Изјава на управителот на Ревизија Чулева ТП за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитет**
Прилог 1 кон овој Извештај

– **Мерки кои се преземаат заради исполнување на етичките принципи**
Придржување кон релевантните етички норми и формирање на соодветно однесување е нешто кон кое во фирмата многу сериозно се однесуваме. Во таа смисла се вршат разговори кои треба да овозможат вработените,односно соработниците да ги разберат етичките и професионалните барања во рамките на кои работиме. Истотака, сопственикот и вработениот/соработниците еднаш годишно потврдуваат дека ги разбираат и дека прифаќаат да ги следат релевантните етички и професионални обврски.

– **Професионални принципи на кои се придржуваме**
Свесни сме дека репутацијата и успехот на нашата фирма зависи од степенот на професионалност и интегритет на сопственикот и вработените/соработниците. Во таа смисла сопственикот, вработените/соработниците мора да се придржуваат кон следните принципи:

- Да се работи професионално
- Да се работи со интегритет
- Да се сочува репутацијата на фирмата и на клиентот
- Да се однесуваме со респект кон луѓето и околината
- Да бидеме општествено одговорни
- Да работиме заедно
- Да размислуваме за начинот на извршување на нашата работа
- Секогаш да ја земаме во предвид етичката димензија во нашето работење

- **Мерки кои се преземаат заради обезбедување на доверливост и заштита на податоците**
  Настојуваме да обезбедиме: заштита на информациите од интерни и екстерни упади, зачувување и оддржување на доверливост и интегритет на информациите. Работење во согласност со превземените регулаторни и договорни обврски. Во оваа смисла ги имаме инкорпорирани следните политики:
  - Енкрипција на сите лаптопи во сопственост на фирмата и меморисκи уреди
  - Рестриктивен софтвер за бришење/вадење на информации од лаптопите во сопственост на фирмата
  - Редовен back up на податоци за секој посебен лаптоп
  - Заштита на хард копи фајли кои не се употребуваат (на друга локација)
  - Политика за трансфер на податоци по email надвор од просториите на фирмата

- **Политики кои се следат за прифаќање, продолжување или повлекување на ангажманите**
  Во фирмата се обидуваме да обезбедиме ригорозни процедури во однос на прифаќање и/или континуитет на работа сé со цел да се заштити фирмата и нејзината репутација. Во таа смисла користиме форма за прифаќање/континуитет која е дизајнирана така што ни овозможува: утврдување на ризикот кој постои кај потенцијалниот или постојниот клиент; прашања кои бараат консултација со други ревизори или регулаторни тела. Во случај на преголем ризик утврден на горенаведениот начин се повлекуваме од ангажманот. Во таа смисла користиме политики кои пред сé базираат на соодветни консултации кои ги обавуваме во рамките на нашата фирма, и разговори со раководните лица на клиентот. Исто така користиме и информации кои ги добиваме по писмен пат од предходните ревизори.

- **Конфликт на интереси**
  Пред да прифатиме нов клиент, односно ангажман, се обидуваме да направиме контрола и да идентификуваме постоење на релевантни односи. Таму каде што постои конфликт на интерес, најчесто се откажуваме од ангажманот, освен доколку не сме сигурни дека потенцијалниот конфликт на интереси можеме соодветно да го менаџираме.

- **Политики и процедури кои се однесуваат на човечките ресурси**
  Сметаме дека најважната критична компонента на квалитетот се вештините, личните квалитети и вредностите на вработените/соработниците. Во таа смисла нашата стратегија обрнува посебно внимание на ангажирање/вработување професионален развој и соодветно наградување на вработените.
  Оцена на вработените се прави најмногу со чесен фидбек. Фидбекот се дава редовно во тек на целата година и сметаме дека е клучен елемент за годишниот процес на оценување. Процесот на оценување опфаќа техничка компетентност и квалитет, земајќи во обзир не само тоа што вработениот постигнал, туку и како го постигнал.
  Унапредувањето на вработениот е во зависност од неговите индивидуални перформанси и вештини.
  Одговорно лице на ангажман е овластениот ревизор.

  - **Назначувањето на членови на ангажманот**
    Назначување на членови на ангажманот го врши овластениот–ревизор (сопственик,) земајќи ги во обзир искуството и вештините потребни за соодветниот ангажман.

  - **Назначување на експерти и специјалисти**
    За одредени типови на ангажмани за кои што се бара специфично ниво на искуство и специфични знаења се ангажираат компетенти лица надвор од фирмата. За одредени области се бара фоирмална акредитација на пример: за ангажирање на актуар се бара сертификат и се проверува дали истиот е зачленет во професионално здружение.

- **Политики и процедури кои се однесуваат на спроведување на ангажманите и вршење на внатрешната контрола на квалитет**
  - **Користење на компјутерски ревизорски техники (софтвер и останати ревизорски алатки)**
    Во ТП Ревизија Чулева постои интерно генерирана програма според која ги работиме ревизорските ангажмани.
  - **Вршење надзор на внатрешниот систем на контрола на квалитет**
    Мониторингот (контрола и прегледи) го врши овластениот ревизор. Тој раководи со извршување на ревизијата и изработка на потребната документација. Работи на постојано подобрување на квалитетот.Секојдневно контактира со членовите на тимот и обавува потребни консултации и има целосна одговорност за разгледување и оцена на квалитетот на извршената работа, точноста и потребното документирање и донесување на заклучоци.
  - **Критериум за селекција на ревизорски ангажмани-предмет на внатрешна контрола на квалитет**
    Постапката на избор оди преку дефинирање на четири категории на ангажмани:
    - позитивно мислење
    - мислење со квалификации
    - воздржување од давање на мислење
    - негативно мислење

    Во зависност од тоа, избираме предмет што го контролираме.
  - **Број на спроведени внатрешни контроли на квалитет**
    Во 2014 година се спроведени 6 внатрешни контроли на квалитет.
  - **Опфат на спроведени внатрешни контроли на квалитет**
    Опфатот изнесува 20% од вкупно извршени ревизии. Во направените контроли не се констатирани отстапувања во однос на основните принципи на квалитет.
  - **Критериум за избор на лица кои вршат внатрешна контрола на квалитет**
    Освен партнерот, во случај кога се работи за ревизија на клиенти кои котираат на берза, фирми од општ интерес, фирми за кои е идентификуван повисок ризик или регулаторни тела, се ангажира надворешен контролор. Контролорот се избира од друга ревизорска куќа и негова одговорност е да ги разгледа клучните аспекти во ревизорскиот ангажман, вклучувајќи аспектот на независност,утврдување на значајни ризици, некорегирани грешки, документирање на извршената работа, финансиски извештаи, комуникација со оние кои што се одговорни за издавање на ревизорскиот извештај.
  - **Навремено комплетирање на ревизорската документација**
    На крај на секој ангажман, тимот е задолжен да ја среди документацијата и да ја архивира,било да се работи за документи во хард копи или електронски досиеа. Ова се работи во согласност со професионалните стандарди и Законот.
  - **Архивирање и чување на ревизорската документација**
    Документацијата во хартиена форма се архивира надвор од просториите на седиштето на ТП Ревизија Чулева, меѓутоа во иднина се планира ангажирање на надворешна куќа специјализирана за архивирање. После периодот утврден со закон,односно професионални стандарди, оваа документација се уништува.За документацијата во електронска форма немаме воведено автоматизиран процес на архивирање,ниту пак оневозможување на пристап и измени во истите.Тоа се планира да се направи во наредниот период.

- **Политики и процедури кои се однесуваат на следење на внатрешниот систем на контрола на квалитет**
  Мониторингот на нашиот систем на контрола на квалитет се состои од внатрешен и надворешен мониторинг. Квалитетот на мониторинго претставува интегрален дел на политиката на ТП Ревизија Чулева постојано да го подобрува своето работење. Во таа смисла постојано се трудиме да ги подобриме нашите политики, процедури и да одржиме конзистентност во нашето работење.

– **Политики и процедури за документирање на внатрешниот систем на контрола на квалитет**
  Во ТП Ревизија Чулева се вршат контроли на годишно ниво, со кои се прави: kонтрола на комплетноста на ревизорското досие до негово архивирање.
  Доколку се утврдат одредени недостатоци, се врши негово доработување.

**5. Датум на извршена последна проверка за уверување во квалитетот на ревизорот согласно член 20а од Законот за ревизија во Република Македонија ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 158/2010, 135/2011, 50/12, 188/2013, 43/2014 и 138/14)**

- **Период на извршена контрола**
  октомври, 2013
- **Период за кој се однесува контролата**
  Финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2012 година
- **Предмет на контрола**
  Оценка на системот на контрола на квалитет
  Р4/2013 – АД Граве Осигурување - Скопје (животно осигурување)
  К6/2013 – АД за приредување на игри на среќа Државна Лотарија на Македонија – Скопје

**6. Субјекти на кои е извршена законска и договорна ревизија во текот на претходната година**

| | |
|---|---|
| ЈКП Дервен Велес | статутарна |
| Граве Осигурување АД Скопје | статутарна |
| Комфи Ангел доо Прилеп | статутарна |
| Новоградба доо Скопје | статутарна |
| Агенција за аудио и аудиовизуелни услуги Скопје | договорна |
| Фцл амбиенте мк дооел Скопје | статутарна |
| АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје | статутарна |
| АД за стопанисување со станбен и со деловен простор од значење за Републиката Скопје | статутарна |
| МЕР АД Скопје | статутарна |
| МИА АД Скопје | статутарна |
| Дрисла доо Скопје | статутарна |
| Веропулос дооел Скопје | статутарна |
| Скопски легури дооел Скопје | статутарна |
| ЈП Македонска радиодифузија Скопје | статутарна |
| Ревизорско тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош Скопје | договорна |
| Кармен бауцентар доо Скопје | статутарна |
| АД за приредување на игри на среќа Државна лотарија на Македонија Скопје | статутарна |
| Агриленд ад Скопје | статутарна |
| Симпо доо Скопје | статутарна |
| Агенција за управување со одземен имот Скопје | договорна |
| Мин за здравство на РМ, Проект ХИВ преваленца | договорна |

7. **Опис и изјава за  независно работење на ТП Ревизија Чулева со која се потврдува постоење на интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени**

   Врз основ на барањата на Меѓународните стандарди за ревизија, Кодексот за етика за професионалните сметководители на IFAC и законската регулатива во Земјата, ТП Ревизија Чулева Скопје спроведува интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста. Овие процедури се спроведуваат преку годишна проверка на усогласеноста и изјави на независноста од сите вработени во ТП Ревизија Чулева и изјави за независност на ниво на ангажирани членови во тим при поединечен ангажман.

– **Изјава за независно работење на Канцеларијата со која се потврдува постоење на интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени**

  Прилог 2 кон овој Извештај

8. **Опис и изјава за политиката што ја следи ТП Ревизија Чулева за ревизија за континуирано професионално усовршување на овластениот ревизор и останатите вработени  во текот на претходната година**

   Согласно одредбите од Законот за ревизија овластениот ревизор во текот на 2014 година има посетено обука од 72 часа годишно во рамките на континуираното професионално усовршување заради надградување на знаењето од областа на сметководството и ревизијата. Обуката е организирана од Институтот на овластени ревизори на Република Македонија. Овластениот ревизор континуирана едукација остварува и преку следење на странска стручна литература од областа на сметководството и ревизијата. Во рамките на ТП Ревизија Чулева, е извршена интерна едукација за одредени прашања. Оваа едукација е извршена од овластениот ревизор, а две презентации се извршени од страна на вработениот.Исто така вработениот е во постапка на полагање испити за добивање на лиценца овластен ревизор во ИОРРМ, а паралелно посетува едукација/полагање на ACCA.

– **Изјава за политиката што ја следи Канцеларијата за ревизија за континуирано професионално усовршување на овластениот ревизор и останатите вработени  во текот на претходната година**

  Прилог 3 кон овој Извештај

**9. Финансиски информации**

Преку ТП Ревизија Чулева се нудат следните услуги:

- ✓ Ревизија и проверка на финансиски извештаи и други ангажмани за уверување и поврзани услуги
- ✓ Проценка на вредноста на капиталот
- ✓ Проценка на трговски марки
- ✓ Вештачења од областа на материјалното, сметководственото и финансиското работење
- ✓ Консултантски услуги

| | **2014** |
|---|---|
| **Вкупен приход (во ‘000 МКД)** | 4,249 |

| **Поделба на приходот по услуги** | **(%)** |
|---|---|
| – ревизорски услуги на годишни и консолидирани сметки | 67 |
| – дополнителни услуги на уверување во квалитет | - |
| – даночни советодавни услуги | - |
| – други неревизорски услуги | 33 |
| **Вкупно** | **100** |

**10. Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор**

Во утврдување на вредноста на хонорарот, внимателно се балансира помеѓу следните елементи: општа економска клима, вреднување на трудот, и квалитетот на извршената работа; вкупното финансиско работење на фирмата и вложување во идниот развој.

Фирмата обезбедува регуларни плати и утврдува бонуси кои што се исплаќаат на крај на година.

Во ТП Ревизија Чулева постои Правилник за самооценување,оценување и наградување на вработените.

број 3-15/3
Скопје, 30 март 2015 година

Управител
**Соња Чулева,** *Овластен ревизор*

Ревизија Чулева

ул. Ђуделхиска 4/3
1000 Скопје
Македонија

тел + 389 2 3094 014
факс + 389 2 3094 015
office@revizijaculeva.com.mk

**ПРИЛОГ 1:**

**Изјава за ефективноста на функционирање на внатрешниот систем на контрола на квалитет**

Јас, Чулева Соња, како основач и управител на ТП Ревизија Чулева, а врз основа на спроведените постапки за контрола на квалитет во текот на годината согласно Законот за ревизија и Меѓународни Стандарди за Ревизија, изјавувам дека ТП Ревизија Чулева доследно се придржува на политиките и процедурите кои го сочинуваат внатрешниот систем на контрола на квалитет, и истите функционираат најефективно.

Скопје, 30 март, 2015

**Соња Чулева**, *Овластен ревизор*
Управител

Ревизија Чулева

ул. Ђуделхиска 4/3
1000 Скопје
Македонија

тел + 389 2 3094 014
факс + 389 2 3094 015
office@revizijaculeva.com.mk

**ПРИЛОГ 2:**

**Изјава со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста на ТП Ревизија Чулева**

Јас, Чулева Соња, како основач и управител на ТП Ревизија Чулева, согласно Законот за ревизија, како и донесените политики и постапки за контрола на квалитетот на работата, изјавувам дека ТП Ревизија Чулева работи независно од клиентите за ревизија, потврдувам дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста со барањата за независност и дека истите се спроведени.

Скопје, 30 март, 2015

**Соња Чулева**, *Овластен ревизор*
Управител

Ревизија Чулева
ул. Њуделхиска 4/3
1000 Скопје
Македонија
тел + 389 2 3094 014
факс + 389 2 3094 015
office@revizijaculeva.com.mk

**ПРИЛОГ 3:**

**Изјава за политиката што ја следи ТП Ревизија Чулева за**

**континуираната едукација на овластениот ревизор**

Јас, Чулева Соња, како основач и управител на ТП Ревизија Чулева, изјавувам дека ТП Ревизија Чулева ги почитува актите и насоките за континуирана едукација на ИОРРМ согласно барањата на Законот за ревизија.

Скопје, 30 март, 2015

**Соња Чулева**, *Овластен ревизор*
Управител



